## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**3795.**

Врз основа на член 40-а од Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 47/11, 51/11, 154/15, 39/16 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), министерот за култура донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СООДВЕТНОСТА НА ВИДОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОПИСОТ НА СТРУЧНИТЕ ЗВАЊА ВО ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА, ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА ЗА ИЗБОР И РЕИЗБОР ВО СТРУЧНИ ЗВАЊА, НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ИЗБОР, ОДНОСНО РЕИЗБОР ВО СТРУЧНИ ЗВАЊА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА БОДОВИТЕ ЗА ИЗБОР, ОДНОСНО РЕИЗБОР ВО СТРУЧНИТЕ ЗВАЊА

Член 1

Во Правилникот за соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, програмата за полагање на стручниот испит, формата и содржината на обрасците на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања и начинот на утврдување на бодовите за избор, односно реизбор во стручните звања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/16), во член 2 став (1) точката 2 се менува и гласи:

„2. Виш филмски техничар–завршено гимназиско образование, средно уметничко образование или средно стручно образование или вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС од научното подрачје на хуманистичките науки или од научното подрачје на техничко-технолошките науки.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 53-11729/1
4 октомври 2021 година
Скопје

Министер за култура,
**Ирена Стефоска**, с.р.

## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3796.**

Врз основа на член 8 став 3 и член 10 став 1 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/07,100/11 и 42/20) на одржаната триесет и втора седница на Советот на 29.9.2021 година, Советот донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I

Мандатот на претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Ацо Колевски му престанува по истекот на времето за кое е избран заклучно со 30.9.2021 година.

II

Г-дин Ацо Колевски ќе продолжи да ја извршува функцијата член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно издаденото Уверение СОИ бр.2/18 од 15.2.2018 година, издадено од страна на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

III

Оваа одлука влегува на сила на ден 1.10.2021 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-139/3
29 септември 2021 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Арбер Исаку**, с.р.

---

**3797.**

Врз основа на член 8 став 2 и став 3 од Законот за Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/07, 100/11 и 42/20) на одржаната триесет и втора седница на Советот на 29.9.2021 година, Советот донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I

Се избира Антонио Јолевски за претседател на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

II

Мандатот на претседателот на Советот е во траење од две години без право на повторен избор.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 1.10.2021 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-139/5
29 септември 2021 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Арбер Исаку**, с.р.